Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

септември 2011 година
Штип

Број 65, 1 септември 2011 година

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област гастрономија на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област хемија на текстилот на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник од наставно-научната област македонистика на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Истражно дупчење“ од авторот проф. д-р Орце Спасовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Макро и микро аспектите на трошоците во здравствениот сектор“ (скрипта) од авторот доц. д-р Александар Костадиновски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство”, од авторот доц. д-р Круме Николоски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по анатомија со физиологија на домашните животни” од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 48

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по основи на сточарското производство” од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на учебникот „Механика на карпи“ од проф. д-р Зоран Панов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО АНАТОМИЈА СО ФИЗИОЛОГИЈА НА ДОМАШНИТЕ ЖИВОТНИ” ОД Д-Р АЦО КУЗЕЛОВ, ДОЦЕНТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1802-49/7 од 22.2.2011 година, на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е формирана Рецензентска комисија во состав:

– д-р Митре Стојановски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки, Универзитет „Свети Климент Охридски“ - Битола и
– д-р Стефче Пресилски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки, Универзитет „Свети Климент Охридски“ – Битола.

## И З В Е Ш Т А Ј

Рецензентската комисија го разгледа доставениот ракопис за издавање на **„Практикум по анатомија со физиологија на домашните живиотни“** по предметот Анатомија со физиологија на домашните животни при што го констатира следново.

Предметот Анатомија со физиологија се слуша во IV семестар, со неделен фонд на часови 1+1+1 на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Учебни помагала (практикуми) за факултетска употреба кај нас има многу малку и ако ги има тие се со застарени тематски содржини, не се адекватни на новите наставни програми за реализација на ЕКТ системот, па оттука е неопходна потребата од нови учебни помагала.

Ракописот „Практикум по анатомија со физиологија на домашните животни“ има вкупно 95 страници од кои една насловна страница, една содржина на вежбите и една страница со користена литература. Додека, останатите 92 страници се обработени во поглавја и тоа: 1. Анатомска терминологија и регии на телото (7 страници), 2. Остеологија - пасивен апарат за движење и миологија - активен апарат за движење (26 страници), 3. Наука за утробата - систем за варење (16 страници), 4. Респираторен систем (9 страници), 5. Кардиоваскуларен систем (17 страници), 6. Физиологија на клетката и ткивата (15 страници).

Во материјалот се дадени 68 слики и 3 шеми со детално објаснување на истите, со цел студентите подобро да се запознаат со материјата потребна за реализирање на вежбите по предметот. Авторот на крајот од изнесената материја дава преглед на користената литература.

Според изнесената тематска содржина во ракописот, тој претставува квалитетна основа за издавање на практикум, идејќи според материјата која ја обработува ги исполнува стандардите на практикум.

Врз основа на гореизнесеното, можеме слободно да констатираме дека приложениот ракопис за издавање на **„Практикум по анатомија со физиологија на домашните животни“ ги исполнува и задоволува барањата да биде издаден како практикум по предметот Анатомија со физиологија на домашните животни.**

**РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Митре Стојановски, с.р.**
**Проф. д-р Стефче Пресилски, с.р.**